**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 април 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и шестата седница на Собранието.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Стојан Андов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Љубчо Георгиевски, Неждет Мустафа и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињатана системот за гласање уште еднаш да го утврдиме бројот на присутните пратеници во овој момент.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и Народниот правобранител.

Записниците од 16-та, 26-та, 30-та и 32-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 16-та, 26-та, 30-та и 32-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја обрзложи потребата, Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за образование, господинот Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Прво, потребатаата од донесување по итна постапка на овој закон се должи на тоа што понатамошните активности на Министерството за образование во Бирото за развој на образованието, треба да има законска рамка и основа за да се подготвуваме од идната година овој закон да стапи во сила.

Второ, како што сте известени, Министерството за образование подготвува информација за изградба на државни општински училишта со приватен капитал, т.н. јавно приватно партнерство, а со тоа ние сакаме дополнителните можни потреби за изградба и доизградба на училишта, значи да се обезбедува простор и паралелки, некаде и со самиот буџет на Министерството за образование и со можните инвестиции од приватен капитал.

Значи потребата да се донесе овој закон порано е ние да бидеме поподготвени за истиот да се воведе во 2008 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 79 присутни пратеници за гласале 59, воздржани нема, против 20.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Оливер Шамбевски, Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Роза Топузова Каревска, Веле Митановски, Весна Јаневска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Насер Ајдини, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на повремена комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на реалната состојба и условите во казнено поправните установи.

Предлогот ви е доставен.

Го молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Почитуван господине претседателе, колеги пратеници.

Имајќи превид дека Предлогот за кој станува збор и заради кој предлагаме да се формира ова привремено тело за утврдување на реалната состојба во казнено поправните установи во Република Македонија, веќе подлого време е акутен проблем на нашето општество, особено земајќи предвид дека истиот е предмет на континуирани забелешки и мониторинг од страна на релевантните меѓународни институции и секако со цел Собранието да си додели поактивна улога пред да ги добиеме, како држава, најновите извештаи од меѓународните институции, на Собранието му предлагаме оваа иницијатива да биде разгледана според членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на група пратеници, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеници и сите 77 гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на одлука за основање на повремена комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на реалната состојба и условите во казнено поправните установи;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Големото Војводство Луксембург за социјално осигурување, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за јавно обвинителство;

6. Предлог за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија;

7. Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги врз трансфер на пари, со Предлог на закон;

9. Предлог на закон за финансиска полиција;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државна помош, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;

13. Предлог за донесување на закон за безбедност на козметичките производи, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на здравството и медицината, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;

23. Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2006 година.

Денес во 11,00 часот добивме барање за посебна точка на дневниот ред во врска со штетите од елементарната непогода што го зафати струмичкиот регион на 23.06.2006 година.

Ова барање е потпишано од госпоѓа Цветанка Иванова.

Денес, исто така, во 11,00 часот добивме барање потпишано од госпоѓа Весна Бендевска, барање за информација на настанот во Битола кој сериозно се одразува на угледот на Република Македонија и тн.

Предлагам, штом добиеме мислење од Владата и овие точки, соодветно како што се дојдени, да ги уврстиме во дневниот ред на оваа седница, се разбира ако за време на оваа седница добиеме мислење од Владата и кога ќе го добиеме.

Дали има предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Влада.

Врз основа на член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам денешниот дневен ред да се дополни согласно мојот предлог кој гласи - Информација за

преземање мерки и активности од страна на Владата на Република Македонија, во врска со претставата “Тито сигурни дијаграми на копнеж”.

Сметам дека токму ние како највисок законодавен дом мораме и не смееме да дозволиме овој настан да помине бегло.

Претставата се одржа во саботата во Центарот за култура во Битола. Меѓутоа, севкупната рашомонијада околу оваа претстава, се едно во чии кујни беше започнта, дали доаѓа од страна на самиот министер, или од други повисоки сфери на власта, го нагриза деморкатскиот амбиент во Република Македонија и го стави под лупа демократскиот капацитет на Владата на Република Македонија. Заради тоа предлагам и сакам да ја образложам како итна потребата од доставување на информација од страна на Владата, што точно се случи на 28 март 2007 година. Ние не смееме да замижиме пред сериозниот обид во Македонија на голема врата да се промовира цензурата како начин на забрана на слободата на мислење, изразување и творештво, што е карактеристика пак, ќе се согласиме сите, за некои минати мрачни тоталитарни режими. Вистината мора да биде кажана.

**Љубиша Георгиевски:** Што ви е предлогот?

**Весна Бендевска:** Не смееме ние да чекаме од Владата да изготви информација. Ние треба да ја побараме. Токму така ќе докажеме дека стоиме на браникот на слободите во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа и го реков, драга госпоѓо. Ние ќе побараме информација.

**Весна Бендевска:** Ве молам мојот предлог да го ставите на дневен ред.

**Љубиша Георгиевски:** Штом добиеме информација.

**Весна Бендевска:** Значи да не оставаме на случајот.

Барам од вас мојот предлог да го ставите на гласање, да се изјасниме како претставници на граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Вклучително и вашето барање за барање на инфорамција. Значи тука комплетно се согласуваме.

За ваша информација, што се однесува до развојот на настаните, тие веќе излегоа од рамките на Република Македонија, авторот ја забрани претставата, тој има право на тоа, не е задоволен, а се очекува интервенција, можеби, на Јованка Броз и тн. Тоа уште ќе се влече.

**Весна Бендевска:** Господине претседателе јас само барам да го штитите Деловникот на Собранието на Република Македонија, да дозволите изјаснување. Ставете го мојот предлог на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Ако го ставам на гласање, драга госпоѓо, ќе може да падне.

**Весна Бендевска:** Ве молам, да го прочитате членот 66.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде да го ставиме тоа на гласање кога ќе дојде мислењето од Владата, ќе го побараме уште денес, исто како што и вие побаравте.

**Весна Бендевска:** Ние во овој момент го утврдуваме дневниот ред за 36 ста седница. Имам право како пратеник, согласно член 66 да барам проширување. Кога добивате предлог од страна на пратеник, вие сте должен согласно деловникот мојот предлог да го ставите на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, господине Ацо Киров. Очигледно имате десет пратеници што ве поддржуваат.

Го ставам предлогот на госпоѓа Весна Бендевска на гласање, повелете.

Од 71 пратеник кои гласале, за гласале 29, воздржано 5, против гласале 37.

Одлуката не врви со 29 гласови за.

Јас постапувам сосема неутрално.

Одиме понатаму.

Дали има уште некој да се јави процедурално.

Господинот Владимир Ѓорчев е процедурално, госпоѓа Силвана Бонева, господин Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Ние имаме доставено една информација до вас по член 66 став 2, и денес ќе барам да се стави на дневен ред нашето барање што е доставено до вас околу штетите и распределбата на средствата односно паричните средства по настанатите штети во неколку општини во Струмица. Имено, за што се работи?

Јас повеќе пати и сите пратеници од струмичкиот регон дискутиравме околу штетите што беше зафатен струмичкиот регион, босилевскиот и василевскиот на 23 јули минатата година и беше со одлука на Владата доделено 43 милиони денари за штетите во овие региони. Овде имаме две неправди околу распределбата на средствата за штетите. Едната од тие неправди е за општина Струмица, која што воопшто не е опфатена со парични средства од овие настанати штети минатата година. Општина Струмица има неколку населени места, кои беа оштетени од 20 до 80%, а не се земени предвид. Тоа е едната неправда што е направена кон овој струмички регион.

Другата неправда е направена во тоа што ние не знаеме, овие парични средства кои беа доделени овие денови за надокнада на штетата на земјоделците од општините Босилово и Василево, беа веќе дистрибуирани до поштата и луѓето отидоа да си ги подигнат парите. Но, овие парични средства кои им беа доделени, а по кој основ доделени јас самиот не знам, па затоа овде сега сакам нешто повеќе да кажам, луѓето беа страшно револтирани. Имено, за што се работи?

Комисијата за проценки на штетите од овие општини во првиот на врат изработи елаборат кој

го достави до надлежните министерства. Бидејќи, повратно од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство општините добија дека треба да се изработи нов список со каква култура, колку декари на колку површина или вкупно парична штета колку имаат граѓаните. Но, и по вториот пат по 30 дена работа. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, повеќе образложете ја итноста, во 11,15 добиено е тоа барање. Сите сме затекнати.

**Ацо Киров:** Накратко, сакам да знам и граѓаните од овие населени места сакаат да знаат, по која методологија, како е земен процентот за доделување на паричните средства од останатите штети, бидејќи, некои имаат добиено 10% од попишаната настаната штета, а некои имаат добиено 20, некои 50, а некои дури и 70%. Зошто оштетените земјоделци се поделени во различни категории, односно некои имаат со поголема површина добиено помалку средства, а некои со помала површина повеќе средства. И да не биде тоа битно, и да не биде битна површината, ова се однесува за парични средства односно настанатата штета изразена во пари. Уште еднаш ќе повторам од 10 до 70%, луѓето доле се револтирани, тоа можеби синојка го гледавте и на телевизија и навистина бараме да знаеме и луѓето бараат кој процент како и како ќе земат за доделување на овие парични средства.

Мое мислење е и мислење на граѓаните од овие населени места дека паричните средства се делени по партиски клуч. Тоа е жално за народот и не треба да ги делиме луѓето кој од која партија доаѓа. Само момент, ќе ве молам втората. . .

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вие треба да говорите процедурално, ова не е предизборен митинг. Ве молам, да се договориме како што треба, конструктивно.

Едо од вашите барања овде е да се дополни со Информацијата за штетите и постапката околу надоместокот на штетите од елементарната непогода. Бидејќи, јас сум затекнат, ќе побарам најитно да ја добиам информацијата која ја барате. Значи, да нема недоразбирање. Но, јас сум затекнат. Сега, ако сакате вашиот предлог да го ставиме на гласање, ако тоа предлагате, затоа што јас не разбирам што предлагате, кажете.

**Ацо Киров:** Почитуван претседателе,

Ние имаме доставено информација.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас мислам, очекувам парламентарното мнозинство со внимание да ме следи што кажувам. Ова невреме се случи на 23 јуни за време на кампањата, тогаш кога ние водевме кампања и кога ги убедувавме луѓето да гласаат за нас или за вас. Тоа е по член 66. Член 66 гласи: "Пратеник и Влада можат и по свикувањето на седницата, како и на самата седница до утврдување на дневниот ред, да предложат во дневниот ред да се внесе определено прашање, само во случај на итна и недоложна потреба. Предлагачите од ставот 1 на овој член се должни да поднесат материјал во писмена форма и да ја образложат итноста. Значи, имаме барање од двајца пратеници. Исполнет е условот од ставот 1 на член 66. Имаме писмена информација од двајца пратеници со предлог заклучоци. Исполнет е условот со член 66 став 2. Не знам, господине претседателе, зошто ова наше барање, кое согласно член 66 од Деловникот во целост ги исполнува условите барани, не го ставите на дневен ред, а јас очекувам за оваа информација да биде ставена на дневен ред како итна, а ќе гласаат и пратениците од парламентарното мнозинство, затоа што навистина ве велам дека, доколу состојбите не бидат разгледани, има огромен револт на теренот и ќе се случат работи кои што после можеби ќе бидат оценувани како да се политички поттикнувани. Ние бевме на лице место, ја видовме состојбата и од таа состојба произлегува оваа иницијатива.

Затоа, барам поддршка од парламентарното мнозинство да расправаме за оваа точка, не како политичко прашање, туку како изнаоѓање на решение за проблемите кои што ги имаат луѓето од населените места наведени во информацијата.

Затоа, барам да ја ставите инфорамцијата и секако очекувам пратениците да ја поддржат, но не како информацијата за тутунот, одкупот на тутун, да биде ставена како последна точка и да ја разгледуваме на Кстовден кога ќе се пегла тутунот и кога ќе се предава тутунот од следната реколта.

**Љубиша Георгиевски:** Вие спомнувате некаква информација, јас го добив само ова барање.

**Цетанка Иванова:** Претседателе, информацијата се множи, мислам дека од службите треба да бидете информирани дека има информација. Информацијата ние ја изработивме сабајле, се множи и од службите писмото е за да стигнеме, да не ја кочиме работата на Собранието и да не бараме пауза за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Да почневте со тоа веднаш вашиот предлог ќе го стававме на гласање.

Предлогот на госпоѓа Цветанка Иванова, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, за гласале 28, воздржано 3, против 49.

Значи предлогот не поминува.

Дали има уште некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Предлагам точка 20 од дневниот ред, да биде точка 5, а точка 19, да биде точка 6. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Службите дали добро забележија.

Предлогот го ставам на гласање.

Предлогот е точка 20 да стане точка 5. Прво, ќе прочитам точка 20 "Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон". Оваа точка е предложена за да го заземе местото на точка 5 која гласи: "Предлог за донесување на закон за Јавно обвинителство".

Вториот дел, точка 19 која гласи:"Предлог за доенсување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон", да стане според предлогот да дојде и да го заземе местото на точка 6 која гласи вака:"Предлог за донесување на закон за Совет на Јавни обвинители на Република Македонија".

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Предлогот на госпоѓа Силвана Бонева го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме. Точка!!

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за време на гласањето.

Констатирам дека за време на гласањето во салата беа присутни мнозинството на пратеници.

Според тоа, гласањето, чии што резултати ќе ги кажеме сега е валидно.

Гласале 56 пратеници, 50 гласале за, воздржани нема, против гласале 6 пратеници.

Според тоа, предлогот на госпоѓа Силвана Бонева е валиден и се вклучува во дневниот ред.

Сега, ние сме во фаза на процедурална дискусија.

Господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Апсолутно се согласувам во врска со изнесената констатација од госпоѓата Бендевска и од другите колеги дека она што се случи во врска со една претстава оваа недела во Македонија е непријатна ситуација, и дека станува збор за лоша постапка, дека станува збор за неприфатлива постапка дека одговорноста е лоцирана, дека оставката на министерот овие денови ќе биде реализирана и дека претставата исто така е одржана.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека ова е проблем, процедурален или?

**Владимир Ѓорчев:** Само би сакал и би сугерирал во врска со евентуалната информација да се дополни информацијата со некои други состојби кои што ги имавме во културата, а чии што актери се уште се присутни, налогодавците се исто така присутни.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, строго гледано и деловнички, вие имате право да поднесете свое барање на таа тема, ама направете го тоа писмено како барање.

**Владимир Ѓорчев:** Во ред, само би сакал да замолам меѓу време да се прошири информацијата со тоа дали Ристо Шишков имал досие и од кого потпишано. Дали Љубиша Георгиевски имал досие, Јован Костовски, Мето Јовановски. . .

**Љубиша Георгиевски:** Господине Ѓорчев, имаме процедура за лустрација итн., тие работи не се за денес.

**Владимир Ѓорчев:** Уште еднаш ќе кажам, мислам дека одговорноста е лоцирана и станува збор за непријатна постапка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Сега е на ред госпоѓа Славица Грковска, вашите три минути, повелете.

**Славица Грковска:** Претседателе, барам од вас да го соопштите точниот број на пратеници што беа во салата кога беше изгласан предлогот на госпоѓа Бонева, затоа што вие имате обврска тоа да го направите, наместо мнозинство од пратениците.

Второ, барам предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог закон, да го ставите како точка 7 на дневниот ред, заради тоа што сметам дека признавањето на дипломите на нашите граѓани кои што завршиле во странство е неопходно побрзо да се регулира и ваквиот третман, морам да кажам, на предлог на закони до самите пратеници да се ставаат последни точки на дневен ред, е понижувачки за Собранието на Република Македонија, особено кога станува збор за прашања од ваков карактер.

Сметам дека проблемот е итен, сметам дека треба да добие третман многу подобар и за тоа предлагам во име на сите оние граѓани кои завршиле надвор од Македонија, кои очекуваат Република Македонија да им оддаде признание и да го користи нивното знаење, оваа точка парламентарното мнозинство да ја изгласа да биде седма точка на дневниот ред за да може побрзо да се регулира ова прашање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да ми помогнете во нешто, за да го формулирам предлогот за гласање кажете на која точка од дневен ред е Законот кој треба да се помрдне на број 7?

**Славица Грковска:** Предлагам да биде на 7 точка, а ако седмата точка по овој дневен ред што вие ни го имате поделено, е Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, тогаш предлагам нејзино место да биде точка 22.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, предлогот се состои од следното:

Точката 22 која гласи вака: Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за високото образование, со Предлог на закон да се премести на 7-ма точка која гласи вака: Предлог за донесување на закон за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеника, за гласале 25, воздржан 1, против 53 пратеници.

Според тоа, констатирам дека предлогот на госпоѓица Грковска не помина.

На ред за процедурално е госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, нека види целата македонска јавност кој е кочничар на работата во Парламентот. Не само што на оваа седница немаме ниту еден закон од економската сфера кој значително ќе влијае врз подобрување на животот на граѓаните, туку и оние закони кои го носат знаменцето на Европската унија, а според договорот кој со вас го направивме координаторите, а имаше поднесено и од Комисијата за надворешна политика дека ќе имаат приоритет ги ставаме назад, а како точки 5 и 6 ги ставаме за точка 5 - Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование односно за воведување на веронаука.

Сметам дека овој Парламент има многу поприоритетни задачи, дури и обвинителството нема приоритет, мислам на Законот за јавни обвинители иако произлегува од уставните амандмани и цело време сегашното парламентарно мнозинство зборува дека се доцнело со тој закон, дека не е на време донесен, очигледно сакаме повторно Владата да ја префрли целокупната одговорнот на Парламентот, односно како што кажав нивното неработење, нивната неспособност да ја префрли дека кочничари во Парламентот се пратениците и тоа пратениците од опозицијата.

Ова, почитуван претседателе, е недопустиво и навистина не знам кој приоритет, не објасни колешката Бонева, сега да дебатираме неколку дена околу тоа дали треба веронаука или не или по принципот како што беше со Законот за празниците да се фрли јаболкото на раздорот во Парламентот и пратениците нека дебатираат 4-5 и повеќе дена околу една работа што можеби не е од приоритетно значење за Република Македонија, како што не е овој закон, а тука навистина ќе имаме сериозни дебати за тоа што повторно по итна постапка ни е доставен без да се слушнат експертите по оваа тема.

Токму поради тоа, предлагам, дали можеме да се слушнеме, Законот за јавно обвинителство да биде точка 4, а после него да биде точка 5 Предлогот за донесување закон за Советот на јавни обвинители. Значи, овие две точки да бидат веднаш по ратификацијата на овие два договори Собранието да дебатира, поготово што го гледам тука министерот за правда. Не гледам зошто се одлага дебатата по овие точки.

**Љубиша Георгиевски:** Дали ќе ми помогнете, законот кој треба да се помести на точка 4, со број.

**Роза Топузова-Каревска:** Да претседателе, Предлог за донесување на закон за јавно обвинителство предлагам да биде точка 4.

**Љубиша Георгиевски:** Точка 5 да биде точка 4, така?

**Роза Топузова-Каревска:** Сега веќе ја поместивме. Законот за јавно обвинителство јас не знам која точка дојде, но знам дека по предлозите од 7 да биде на 4 место, а потоа веднаш за Советот на јавни обвинители.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам да гласаме по предлогот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска на 4 место да дојде Предлог за јавно обвинителство наместо 4 точка која гласи: Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања, со Предлог на закон.

Дали сум во право?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 27, воздржано никој, против 51 пратеник.

Според тоа, констатирам дека предлогот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска не помина.

На ред е господин Андреј Жерновски процедурално, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, не можам да не реагирам повторно за односот кој е наметнат од страна на парламентарното мнозинство и нешто што вие ветивте дека нема да се случува понатаму.

Нема никаква дилема дека деловнички парламентарното мнозинство може да изгласа менување на дневниот ред.

Вие ветивте, во интерес на конструктивната работа во овој Парламент дека за тие работи ќе се договараме за координација. Вие знаете, пратеничките групи се подготвуваат за расправа по дневниот ред по однос на тоа како се распоредени од прва до последна точка.

Со вакви претумбации едноставно нема шанса опозицијата да биде рамноправна и да учествува во расправата по било која точка.

Вие во едно од првите интервјуа ветивте дека всушност вашата улога, тука бевте во право, ќе биде да ја спречите мајоризацијата на опозицијата и дека ќе ја браните опозицијата. Со вакви промени со многу битни точки кои доаѓаат од последни напред, а оние за кои се подготвуваме одат позади, ние едноставно немаме рамноправна позиција во она што се нарекува владеење на ставовите во врска со предложените дневни редови.

Не можам да сфатам што е тоа што упорно парламентарното мнозинство го тера да ги игнорира критиките. Дојде еврокомесарот Оли Рен ни кажа дека немаме меѓусебна доверба, нема дипломат кој не ни соопштува дека токму од овие причини Парламентот стана место за

“политичка дестабилизација”. Што е тоа што не тера сите да ги игнорираме овие добронамерни критики. Зошто мора да направиме вака кога може да се договориме претходно. Ве уверувам дека со најдобра намера дека со ваков однос ќе ја донесеме до таму атмосферата во Република Македонија во Собранието на крај опозицијата да излезе, бидејќи едноставно нема можност да се спротивстави на ваквата тенденција.

Би ве замолил ваквата промена која очигледно парламентарното мнозинство го знаеше, да оди во соработка со опозицијата да можеме сите како 120 пратеници во Собранието рамноправно да учествуваме. Вака сме едноставно во апсолутно нерамноправна позиција.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ја земам сериозно предвид вашата замолба, а и повеќе од јасно е и општо познато дека не само јас, туку и мојот претходник Љупчо Јордановски и двајцата сметаме, што е доста долг временски период, дека на Деловникот му треба ремонт. Најдобро е овие работи да не се решаваат со добра волја, тоа е подобро за опозицијата, овие работи да не се решаваат со добра волја, туку деловнички. Немам ништо против во Деловник да влезе вашата замерка на пример дека овие и овие прашања ќе се решаваат од дневен ред во координација. Тоа е паметно, но вака е како што е.

Понатаму, госпоѓа Цветанка Иванова има процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, процедурално околу дневниот ред.

Моето барање да реагирам процедурално не е вас да ве разубедам за тоа што навистина очигледно не може човек да ве разубеди, туку заради јавноста.

Уште еднаш, по кој знае кој пат, демонстираме дека и за работи кои ни се приоритетни не можеме овде да се договориме во Собранието и за работи за кои не обвинувавте дека не сме ги направиле на време, а тоа е Законот за јавно обвинителство, повторно не го почитувате дневниот ред и правите претумбации, барем да најавите на опозицијата, а за овој закон сериозно треба согласнот од опозицијата, за да повторно не обвините дека ние кочиме.

Исто така за да не обвините дека декларативно сакаме борба против корупцијата и криминалот, а вие ефикасно се справувате, затоа господине претседателе, ова повторно заради јавноста, не можам да оценам зошто измените и дополнувањата на Законот за средно образование е многу поважен, многу поитен и треба да се стави и се става на оваа седница на дневен ред, а не се става информација за штетите од поплавите, па дури и Закон за основно образование се поместува понапред од Закон за јавно обвинителство и целиот пакет на закони што е правна рамка за ефикасна борба против криминалот и корупцијата, дали е ова уште еднаш да се докаже дека вие сте мнозинство, не треба да разговараме, не треба да утврдуваме приоритети, а се е приоритет што вие ќе наумите.

Јас мислам дека треба да владее поинаква атмосфера во Собранието, навистина нешто за кое сме се договориле како позиција и опозиција треба да го почитуваме. Не треба вакви претумбации само да се манифестира мајоризација, дека ние сме мнозинство и ќе го правиме дневниот ред, ќе го креираме онака како што мислиме, туку треба навистина овде да се договараме, да решаваме реални проблеми на граѓаните, а пореален проблем на граѓаните секако дека не е средното образование, пореален проблем на граѓаните ќе беше ако денеска подебатиравме околу штетите од поплавите и невремето и околу надоместокот на штетите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ќе ви одговорам кратко.

Јас не разбирам зошто се прави толку голем ишљу од бројот на законот што го зазема како дневен ред. Сите точки на дневен ред се совршено еднакви, релевантни, легитимни и легални.

Според тоа, може да се дискутира за предности, но од тоа да се прави “смах света” ќе дозволите, дека е претерано.

Повелете, Владо Бучковски има процедурално.

Од тоа да се губи цела седница во процедурални премирања, сепак е премногу.

Повелете господине Бучковски, вашите три минути.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

За вкусовите не се расправа дали е ова смах на светот, но во краен случај ова е до сега најголемиот преседант. Закон кој е двотретински, кој се носи со двотретинско мнозинство по дефиниција оди на најгоре. Бидејќи имаме ратификации, само ратификациите можат да имаат приоритет. Глупост е ова што го предложи пратеничката Силвана Бонева. Голема глупост која нанесува штета на Република Македонија. Значи, советниците на премиерот, а меѓу нив и пратеникот Трајко Велјановски за оваа точка би требало да го повикаат и премиерот да биде овде да дадеме значење дека ние сериозно ги завршуваме реформските процеси во правосудниот систем, а не на мала врата на седница за која сите се подготвувавме, ова е централна точка, Законот за јавен обвинител и за Советот за јавни обвинители просто е неверојатно да добие второ разредно значење и да добие предност средните училишта.

Освен, почитуван претседателе, тука велам за вкусовите не се расправа. Ако за оваа Влада тоа не е најголем приоритет и ако евентуално премиерот е спречен, да не е евентуално на некој наставнички совет каде се чита неговото

вчерашно писмо што исто така предизвикува " големо внимание".

Уште еднаш би се вратил на темата, а тоа е бидејќи е ова исклучително битно за Република Македонија и за Парламентот оваа точка да биде точка број 1, мојот предлог е точка број 1 да биде Предлогот за донесување на закон за јавно обвинителство, а точка број 2 - Предлог за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на господинот Бучковски го ставам на гласање.

Прва точка да биде Предлогот за донесување на закон за јавно обвинителство, а точка 2 - Предлог за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија.

Пред да гласаме, господине Бучковски, добро е, прецизно?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 29, воздржани нема, (на бимот стоеше 1 воздржан) против 48 пратеници.

Според тоа, констатирам дека и овој предлог за дневниот ред не помина. Инаку, господине Бучковски јас ќе се согласам со вас овој пат совршено како никогаш до сега, навистина за вкусови не се разговара. Се е прашање на добар вкус.

Одиме понатаму.

Сега на ред е госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска процедурално, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани пратеници,

Навистина не треба да се прашуваме зошто рејтингот на Парламентот е таков каков што е. Очигледно е дека мнозинството пратеници, пратениците од мнозинството, од владеачката коалиција апсолутно не се срамат да гласаат за било кој и било каков предлог на Владата. Тоа што се случува во Парламентот е резултат на неорганизираноста и хаосот што Владата сака да го предизвика во овој Парламент. Тоа е следното:

На 21 март по доставување на предлогот за дневен ред на оваа седница од страна на претседателот на Собранието, дополнително со допис од 28 март добивме дополнителни точки меѓу кои беше и Предлогот за измени и дополнувања на Законот за средно образование.

Значи, неколку дена пред одржување на оваа седница. Предлогот на дневен ред беше утврден, но што е битно? Битно е што Владата во дописот од 22 март навела дека овој предлог за измени и дополнувања на Законот за средно образование Собранието треба да го стави на дневен ред на седницата на 2 април. Тоа е важно за мнозинството и за претседателот на Собранието која е желбата на Владата, а не е важно тоа што на 21 со допис веќе бевме информирани кој треба да биде предлогот на дневен ред.

Зошто од доставувањето на предлогот на Владата 22 до 28 март поминале 6 дена јасно е, да се држи опозицијата во неизвесност кои ќе бидат точките на дневен ред и кои се можните варијанти за дополнување на дневниот ред, бидејќи така работите, не принудувате претходно да претпоставуваме што се ќе биде предлог за дополнување на дневниот ред и што се ќе се случи на денот кога се утврдува дневниот ред, па мораме да ги читаме сите точки и оние што можеби Владата ги доставила овде пред 5 минути.

Морам да укажам и на тоа дека навистина во желбата и настојувањето да се уважат сите желби на Владата, претседателот на Собранието го прекрши Деловникот и наместо да допушти секогаш кога има деловничка и процедурална интервенција од страна на пратениците да даде збор, тој напротив веднаш премина на гласања по предлогот на пратеникот Силвана Бонева за измени на дневниот ред, со што го прекрши член 74 став 2 од Деловникот, каде што е наведено: "По предлог на претседателот на Собранието или по предлог од 10 пратеници Собранието без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања, односно да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани".

Сметајќи дека желбата на Силвана Бонева е и желба на Парламентот, секако и на мнозинството, па пропушти 10 пратеници, значи тој предлог да добие поддршка од 10 пратеници за да биде релевантен предлог согласно Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На оваа процедурална интервенција, мојот одговор е следен: може да се провери и во тонскиот запис ако го има и во стенографските белешки дека јас го започнав процесот на гласање, а потоа беа процедуралните интервенции и тоа хорски. Хорски во сериозни куќи, хорско пеење е на друго место, во црква. Во Парламентот хорскиот реакции не можат да бидат аргумент за прекршување или не прекршување на Деловникот.

Инаку, оддавајќи ви признание на вашето навистина коректно држење во Парламентот, едно од најкоректните, овој пат со сите свои резерви сепак ќе ве замолам да ми дозволите една замерка да ви упатам. Не е згодно да се рече "Како не се срамат пратениците од тоа како гласаат", не е добро за куќата. Тоа е едно. Впрочем, и уставен прекршок е, во Уставот пишува дека пратениците гласаат по совест. Во крајна линија, дозволете да ви кажам и јас сум човек, зошто да се срамат кога гласаат за одлуки на Влада која во историјата на македонските влади има најголем рејтинг. Според тоа, немојте ве молам, "да се срамиме". Ние не сме овде да се срамиме, сите сме ние избрани, легитимни сме

комплетно и немојте да се срамиме, ние одлучуваме овде. Ќе се срамиме после ако сме направиле грешки, зошто не сме безгрешни, ама немојте да се срамиме.

Додовски Марјан, повелете вашите три процедурални минути.

**Марјан Додовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Имам предлог за изменување на редоследот на точките на дневен ред повеќе од практична гледна точка и во насока на она што го имаме дискутирано на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во вашиот првичен предлог под број 18 во дневниот ред како точка беше Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон. Мојот предлог е оваа точка да оди понапред и веднаш да се разгледува по точката: Предлог на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја. Ова го кажувам од едноставна гледна точка, бидејќи тематски се поврзани и двата закони и практично е Собранието да ги разгледува овие точки една по друга. Со овие измени што поминаа претходно точката 10 која беше Предлог на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, чинам дека е точка 11 или 12, меѓутоа, вие ќе го видите тоа во редоследот. Значи мојот предлог е Предлогот за изменување и дополнување на Законот за шуми, со Предлог на закон да биде веднаш после Предлогот на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ќе бидете ли љубезен да ми кажете кои се броевите на точките чија рокада предлагате.

**Марјан Додовски:** Значи Предлогот за изменување и дополнување на Законот за шуми, кој во печатената верзија е точка 15, а во вашиот предлог кога го читавте беше под реден 18, значи во печатената верзија број 15 веднаш да оди зад бројот 10 - Предлог на закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, значи да биде точка 11, точките да бидат една зад друга. Сега е точка 13 во измените.

**Љубиша Георгиевски:** Го ставам на гласање предлогот на господинот Додовски Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за шумите, со предлог на закон да дојде на местото 11, односно на местото на точката која гласи: Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон. Дали сум во право?

**Марјан Додовски:** Да, да дојдат точките една зад друга.

**Љубиша Георгиевски:** Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за време на гласањето.

За време на гласањето во салата беа присутни 67 пратеници.

Гласале 54 пратеници, за гласале 46 пратеници, воздржано 1, против 7.

Констатирам дека предлогот за интервенција во дневниот ред на господинот Марјан Додовски е прифатен.

Службите нека го нотираат тоа.

Сега Виолета Ташева е на ред за процедурална интервенција. Повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван претседателе.

Мојата процедурална интервенција е во однос на регистрирањето на гласањето на пратениците во 3 и 4 ред, имено, се случува на неколку гласања гласањата да не се регистрираат од страна на техниката и ве молам да се интервенира во однос на тоа, а додека се интервенира и се отстранат истите неправилности, да го добиваме после секое гласање листингот за да можеме да констатираме дали ни е регистрирано или не гласањето. Ова го кажувам врз основа на првиот листинг за гласање, затоа што со колегите утврдивме дека повторно не ни е регистрирано гласањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ја почитувам вашата процедурална интервенција, која досега можеби е една од најчистите. Одговорот на техниката гласи дека од 10 само едно е згрешено. Тоа не значи дека ако само едно не е страшно. Страшно е, ама таква ни е техниката.

Госпоѓа Силвана Бонева, процедурално вашите три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Ги слушав колегите претходно со нивните процедурални забелешки и можам да кажам дека она што го предложив е согласно член 73 од Деловникот за работа на Собранието. Значи процедурата воопшто не е повредена. Став 1 јасно гласи дека “Собранието без претрес се изјаснува за секој предлог за измени и дополнување на предложениот дневен ред”. Тоа е вообичаена пракса во Собранието на Република Македонија. во која сите заедно овде и опозицијата и дел од Парламентарното мнозинство учествувавме во вакви поместувања на дневниот ред. Тоа се случуваше вообичаено и во претходниот состав на Парламентот, со тоа што ако не бевме подготвени баравме еден час пауза за да ги собереме материјалите и да почнеме со работа. Тоа е околу едното прашање.

Второто прашање кое што беше покренато од госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска беше во однос на членот 74. Морам да укажам и на госпоѓата Мери Младеновска и на македонската јавност дека жал ми е што сосема погрешно го читаше членот 74. Во ставот 2, кој од нејзина страна беше претставен, стои јасно дека “во

текот на седницата", значи откако ќе почне седницата, а не поврзано со членот 73 сега кога се утврдува дневниот ред, овој член се однесува откако ќе почне седницата, по предлог на претседателот на Собранието или по предлог од 10 пратеници Собранието без претрес може да одлучи да се извршат промени во редоследот. Значи овде не зборуваме за членот 74, уште сме во првата фаза, утврдување на дневен ред.

Понатаму, од господинот Бучковски беше кажано дека голема глупост е тоа што на мала врата се поставува Законот за средно образование, па госпоѓа Цветанка Иванова праша зошто се поставува Законот за средно образование пред реалните проблеми на граѓаните, а тоа е Информацијата за поплавата, можам да кажам само едно: реален проблем на граѓаните на Република Македонија е огромниот број невработени во земјата и оттаму се нужни сериозни реформи во областа на средното образование. Сите ние заедно мора да сватиме дека се потребни сериозни обемни подготовки, за да започне со работа задолжителното средно образование и оттаму е брзањето и барањето по скратена постапка да се разговара за овој закон, што беше прифатено од страна на Парламентот.

Инаку, и опозицијата и парламентарното мнозинство имавме дијалог неколку месеци наназад токму за Законот за средно образование, ги кажавме сите аргументи. Го поздравувам тоа и од нашата пратеничка група и од нашето парламентарното мнозинство беше поздравен фактот што опозицијата ја поддржа потребата од измените на Законот за средно образование. Значи, тие се сериозно подготвени, остана само дилемата дали просторно може да биде тоа реализирано. Со вчерашниот конкурс јасно е кажано дека може.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега повторно има збор процедурално Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Да, се соочуваме и со тоа различно да ги толкуваме одредбите. Како што споменав, парламентарното мнозинство така како што им одговара, но сакам да појаснам дека меѓу измени и дополнување на предложен дневен ред и измени во редоследот има разлика. Правниците тоа добро го знаат и не сакам да одземам повеќе од своето време образложувајќи што значи тоа.

Само сакам да ја потсетам госпоѓа Бонева дека како прва на листата во Изборна единица 4 ќе треба да одговори пред граѓаните зошто не ја поддржа иницијативата на пратеникот Ацо Киров за исплаќање на средства за невремето настанато во Струмица, а се преферираат прашања како што се средното и основното образование.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, изборите поминааа.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, навистина релевантноста на сите точки на дневниот ред е подеднаква, меѓутоа, има и уште нешто, а тоа е релевантноста на времето во кое се доставуваат. Затоа, во правото се почитува една стара римска максима која вели: "При ор темпоре, поти ор јуре", "Прв во времето, прв во правото". Но вие овде во Парламентот не го почитувате тоа, па и најважните точки кои претходно се доставени во Парламентот во дневниот ред ги ставате последни, иако во моментот се најзначајни, како што во случајов Законот за јавно обвинителство и за Советот на јавни обвинители.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Благој Зашов, повелете, вашите три процедурални минути.

**Благој Зашов:** Благодарам господине претседателе.

Овој предлог што сакам да го дадам мислам дека ќе го прифати и опозицијата и парламентарното мнозинство, а се работи за ратификациите на договорите, билатерални и мултиратерални, кои се на дневен ред и на оваа седница.

Имено, на почетокот на дневниот ред имаме три ратификации, за да потоа по точка 11 и 1 2 имаме уште две. Мојот предлог е, за да не се оддолжува ратификацијата и на овие две точки 11 и 12 да бидат ставени како точки 4 и 5, за да можеме во еден мах да з авршиме со ратификациите на меѓународните договори и со оглед на тоа што не се спорни, на тој начин да ја завршиме таа ратификација на време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 пратеници гласале за, воздржани нема, против само 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот за измена на дневниот ред даден од страна на господинот Благој Зашов е прифатен.

Ги молам службите тоа да го нотираат.

Сега на ред е за процедурални интервенции госпоѓица Славица Грковска, повелете. Потоа Цветанка Иванова, а потоа ќе ве замолам да минеме на материјалните расправи, за што се изморивме, тие се исцрпија.

Повелете, вашите три минути од сега.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Јас морам да интервенирам со оглед на тоа што беа искажани одредени невистини. За волја на вистината, ние го добивме законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование на 28 -ми, меѓутоа, во исто време ни беше доставен и еден допис дека Владата на Република Македонија го повлекува Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, што бил доставен до Собранието, со што без конкретен договор меѓу

политичките партии кои разговараа околу прашањата за измени на Уставот е направено ова. Тоа морам да го кажам со оглед на тоа што беа искажани невистини за одредени ставови на пратеничката група на СДСМ во текот на овие разговори. Она што парламентарното мнозинство не може да го порекне е дека Веронауката им е поважна од реформите во судството, кои се еден од критериумите за почеток на преговорите со Европската унија, им е поважна од штетите кои се направени во Струмичкиот регион и тоа е нешто од кое парламентарното мнозинство не може да побегне.

Затоа, ве повикувам и вас претседателе и сите од парламентарното мнозинство, да не ја користат опозицијата како изговор за кочење на реформата, туку да признаат дека самите го прават тоа заедно со Владата на Република Македонија, која што вие рековте мора да се почитува.

Ве повикувам да го браните дигнитетот на Собранието на Република Македонија многу повеќе отколку што го браните дигнитетот на Владата, затоа што тоа е вашата функција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувам за дигнитетот. Јас ги правам оние напори за кои се сметам за способен. Мислам дека понекогаш пропуштам некои сериозни опомени кога паѓаат некои сериозни реплики кои не се во рамките на добриот вкус, но критиката ја прифаќам. Од сега па натаму кога ќе се напушти добриот вкус, ќе ја подигнам рампата малку повисоко и ќе ве предупредувам.

Благодарам за добрата конструктивна критика.

Повелете госпоѓо Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Бидејќи легитимитетот го црпиме од граѓаните, јас ја повикувам колешката Силвана Бонева како носител на Изборна единица 4 и пратеник од Струмичкиот регион да одиме во населените места Гичерлија, Сараи, Просениково, Пиперево и таму да утврдиме што е приоритет за граѓаните, дали надоместот од поплавите или средното образование, или откупната политика со тутунот.

**Љубиша Георгиевски:** Знаете што, тоа е друго сега, тоа е приватен дуел

**Цветанка Иванова:** Претседателе, тие ќе ни кажат што е приоритет.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете да си дуелирате на ручек. Предлагам двете да ручаат, а да не ги трошиме општествените пари овде со незапочнување на материјална расправа. Ние веќе 2 саата говориме процедурални интервенции, а притоа тврдиме дека не опструираме, ве молам. Тука во овој Парламент има записнички констатирани случаи дека некои пратеници кога се согласуваат, се согласуваат по половина час. Јас разбирам кога опонираат. По пола час говорат како ќе го гласаат законот. Има и такви случаи. Дајте да си дојдеме малку на себе да прејдеме на материјална расправа. Еве, овој дисплеј говори дека оваа цела седница е посветена на реплики под маска на процедурални интервенции. Што треба сега јас да правам? Немојте така. Замолив тие две да бидат задни и готово.

Повелете госпоѓо Шекеринска, вие сте на ред.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Јас во минатото сум гледала неколку ваши претстави, меѓутоа мислам дека сте ненадминат режисер на хаосот во ова Собрание.

(Реакција во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Немојте, немојте за моите претстави.

**Радмила Шекеринска:** Ненадминат. И би замолила додека јас говорам пратениците кои што дофрлуваат не можеме да им помогнеме, меѓутоа вие да се воздржите бидејќи после сите пратеници излегувате со свои мислења и коментари. И мислам дека тоа не е прикладно. Особено не да правите разлика помеѓу оние кои мислат добро, а другите наводно мислат лошо. Зашто велам дека во Собранието имаме сериозен проблем со хаотична состојба. Денеска ако не гледа некој 15 минути јасно ќе му биде за што зборувам. Почнуваме седници, претходните никогаш не ги довршуваме и покрај тоа што се работи за точки на дневен ред кои што се битни.

Почнуваме и водиме процедурални расправи повеќе од еден час, ама бидете отворен па кажете, зошто водиме вака долги процедурални седници? Не заради двете, или три точки кои што ги предложивме со најдобра намера, меѓутоа беа одбиени. Не заради точката за срамот со цензурата во Битола, бидејќи ја одбивте, не заради точката околу отштетите во Струмичко, бидејќи и таа точка ја одбивте, меѓутоа тие траеа по десетина минути. Проблемот од овој хаос на почетокот на оваа седница се должи на одлуката на пратениците од парламентарното мнозинство да направат папаз јанија со точките. Па тоа што се сметало дека треба да биде број 22, 25 и 26, сега да стане 1, 2 и 3. Велам, додавате на хаосот со самото тоа што коментирате после сите пратенички искажувања. Мислам дека тоа не е во ред и поради тоа што дозволувате вака пратениците да го менуваат дневниот ред. Зошто мислам дека тоа е опасно, ова што го правиме со денешната седница? Затоа што заборавивме каде е главата, а каде е опашката. Битните работи отидоа на крајот, а помалку битните работи отидоа напред. Вие барем требаше, бидејќи го цитирате неколку пати премиерот, вие барем требаше да запаметите, да се потсетите како премиерот држеше лекции врз македонското Собрание, па велеше: негативните извештаи од Брисел се резултат на тоа што Собранието не знае на време да ги носи точките на дневен ред кои што се битни за Европската унија. Денеска ние постапуваме обратно. Премиерот тогаш не ја говореше вистината, бидејќи Собранието го

усвојувало она што ни го предлагал. Ама денеска со Законот за јавно обвинителство правиме сериозен преседан. Тој закон доцни 8 месеци. 6 месеци Владата тврди дека ќе ни го достави и кога најпосле го видовме на дневен ред, сега ако може да го ставиме на последното место. Затоа велам, мислам дека правиме крупна грешка, брзајќи со закони кои што се тврди дека ќе го решеле проблемот на невработеност, тоа што ќе се плаќа глоба во износ од 3 илјади евра во денарска противредност во средно образование, тоа ќе го реши проблемот со невработеноста? Знаете ли вие колку невработени со средно образование со на Заводот за вработување. Мислам дека ваквиот страв, ваквото брзање во правење на грешки, одговорност за ова ќе носите и вие претседателе, меѓутоа најповеќе пратениците од парламентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Јас сега предлагам да ги поздравиме нашите ценети и драги гости од Парламентот на Хрватска кои во овој час влегоа на галеријата.

(Аплауз)

Ценејќи го вашето излагање госпоѓо Шекеринска, треба да ви кажам една информација за која сум убеден дека не располагате со неа, од вашите замерки. Имено, на секоја процедурална интервенција од секој пратеник основен ред е да се одговори од страна на претседателот зошто е тоа така. И на тоа се должат моите упаѓања. Јас кога има дискусија по материјална основа на законот, не земам збор. Јас сум познат по тоа. Јас најмалку говорам во овој Парламент. Меѓутоа, кога е процедурална интервенција, а за процедуралните пропусти е одговорен претседателот на Собранието, јас само одговарам, некогаш добро, некогаш лошо, некогаш суфициентно, некогаш инсуфициентно според моите способности кои можете да ги критикувате, имате право. Другите делови од вашето излагање се ставови кои јас ги почитувам. И јас да сум на ваше место, исто така, би мислел. Само за жал, ние сега седиме на различни места.

Процедурална интервенција Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Јас на сите дискутанти им верувам дека сите точки што ги предлагаат како приоритет, навистина се приоритетни. Ама ајде да почнеме да работиме, па макар точка 13 била поприоритетна од точка 2, бидејќи и најдолгиот пат почнува на крајот на краиштата со првиот чекор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам за ова: ајде да почнеме да работиме.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска има процедурална интервенција.

**Роза Топузова Каревска:** Ви благодарам почитуван претседателе, јас уште еднаш ќе се обидам некако ако е можно да излеземе од овој хаос, затоа што се беше кажано во однос на преместување на точките. И повторно ќе ви кажам, за мене е недопусливо ова што сега се случува, законот за средно образование и законот за основно образование да бидат поприоритетни од законот за јавно обвинителство, дотолку повеќе што во образложението што го добија сите пратеници меѓу другото стои, дека донесување на законот за јавно обвнинителство има за цел да обезбеди унапредување на позицијата на Јавниот обвинител во системот на кривичната правда. Со ова вие докажувате дека немате намера, не ви е потребен овој закон. Можеби токму поради тоа што и овој јавен обвнинител го поставивте понесоодветно на уставните измени, односно по стариот закон. Потоа вели: зајакнување на самостојноста на носителите на функција и наградување на самостојната позиција усогласено со Уставот на Република Македонија, вградување на препораките на Комитетот на министри во однос на улогата на јавниот обвинител во кривично правниот систем и да не читам понатаму.

Вие почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство не го почитувате ова кое што стои во образложението од министерот за правда, ниту пак почитувате тоа што законот има приоритет од Европската унија, туку вам ви се поважни други закони или вам ви е поважно тоа што ќе го предложи колешката Силвана Бонева да му дадеме приоритет, знаејќи дека тоа се закони кои што ќе предизвикаат повеќечасовна дебата, затоа што навистина имаме сериозни измени како во законот за средното образование, така и во законот за основно образование.

Почитувани колеги пратеници, со оглед дека за овие два закони за јавно обвнителство и за Советот, поготово за јавното обвинителство потребен ни е консензус, односно потребно ни е двотретинско мнозинство, јас би замолила навистина денеска да ја започнеме дебатата. Значи, најдобронамерно го давам предлогот. Не е работата овде да се инатиме чиј предлог ќе помине, туку ве повикувам овој закон да има приоритет пред останатите два закони. Доколку не можеме со гласање да се усогласиме, затоа што ја видовме практиката на парламентарното мнозинство и за најбезазлени работи да ја надгласува опозицијата, наместо да градиме консензус, тогаш предлагам пауза и претседателот со координаторите на пратеничките групи да се договори околу оваа проблематика, затоа што навистина многу тешко ќе ни оди дебатата после тоа. Напоменувам, за овој закон почитувни колеги ни треба двотретинско мнозинство. Треба сериозно да размислиме сакаме ли да направиме нешто за Република Македонија, или сакаме само да се надгласуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на госпоѓа Роза Топузова Каревска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеника, за гласале 26, воздржно 1, против 47.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеника, за гласале 56, воздржано никој, против 19.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Давам половина час пауза за координација.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во сала Охрид.

(Пауза од 13,03 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,50 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Ги молам службите да утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои не си ги зазеле своите места сеуште, да повелат да влезат.

Ги молам координаторите на групите да интервенираат кај пратениците да дојдат што побрзо во салата.

Ги молам службите уште еднаш да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точката 1-Предлог на одлука за основање на повремена комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на реалната состојба и условите во Казнено поправните установи.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на повремена Комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на реалната состојба и условите во Казнено поправните установи.

**Минуваме на точката 2-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Големото војводство Луксембург за социјално осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Големото војводство Луксембург за социјално осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите 68 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Големето војводство Луксембур за социјално осигурување.

**Минуваме на точката 3-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос од данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на заонот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос од данокот од доход и данокот на капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите 68 гласале за.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите 63 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

При мнозинство на пратеници во салата гласале 57 пратеници, сите 57 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката 4-Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, сите 68 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста во културните изразувања.

**Минуваме на точката 5-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во обласа на здравството и медицината, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во обласа на здравството и медицината.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска.

**Минуваме на точката 6-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот на доход и данокот на капитал со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот од капитал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека Зклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите 69 гласале за.

Констатирам дека е усвоне предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале л66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Латвија за одбегнување на двојното оданоч!ување за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на каптил.

Предлагам пауза до 15,10 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

**Минуваме на точката 7-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Процедурално бара збор пратеникот Славица Грковска.

Мислам дкеа е крајно несериозно да се бара процедурално кога сега ја почнувам седницата и нема ништо непроцедурално. Повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе воопшто не е ваше да одлучувате што е фер и што не е фер, туку да почитувате што е во согласност со Деловникот, а што не. мене ми е многу жал што вашата реакција укажува на тоа дека претседателот на Собранието не ви соопштил кој е договорот на координацијата.

Во име на пратеничката група на СДСМ барам еден час пауза имајки го во предвид начинот на кој беше ставена оваа точка на дневен ред, Деловнички за да можеме да се подготвиме за дискусија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Еден час пауза за пратеничката група на СДСМ.

(Пауза од 15,26 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,29 часот).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван потпретседател на Парламентот, почитуван господине министер за образование и наука во Република Македонија, господине Сулејам Рушити, почитувани дами и господа пратеници.

Јас денес имам чест да говорам за еден свет настан на нашиот народ како што е образованието, училиштето, науката, културата, едукацијата, наобразбата и средствата кои се инвестираат во овие свети работи, кои припаѓаат на народот нему му се враќаат не еднократно, туку многу многу кратно и затоа човекот треба да инвестира во образованието, во наставата, во едукацијата и да се жртвува за истите цели.

Значењето на наобразбата на образованието, на остручувањето на граѓаните и уште повеќе на младите генерации кои ќе не наследат има големо значење. Ова е изразено не само преку науката туку и со религијата. Значи народот вели

училиштето е лекот кој ги лечи сите лоши работи на едно општество и затоа историски му посветиле големо значење на едукацијата, образованието, на остручувањето на граѓаните и луѓето.

Ова значење во однос на училиштето денес станува уште повозвишено, поголемо кога живееме во време, во една епоха на универзитети, во една епоха и време на разни стручни научни кадри и профили каде постигнувањата во науката, културата го достигнаа врвот.

Затоа и ние, нашата земја, значи Република Македонија треба да чекориме чекор по чекор со другите и ние да ги постигнеме овие нивоа на наобразбата и на професионалноста на нашите граѓани. Ние само со образовани граѓани, само со стручни граѓани, со едуцирани граѓани можеме да чекориме напред чекор по чекор со другите, чекор по чекор со времето. Само со образовани граѓани ние можеме да создадеме услови да ги оствариме хоризонтите и видиците не само за знаења, туку и за вработувања. Кога ќе успееме да ги наобразиме нашите граѓани, и тоа масовно како што создава услови и задолжителното средно образование ние можеме да ги искориститме и нашите природни богатства. Македонија е доста богата со природни богатства и само со една технологија, модерна технологија, современа која може да се обезбеди, но посебно со образовани граѓани ние можеме да ги искористиме овие наши богатства и може да се збогатиме и да создадеме услови за еден подобар живот од тој кој го имаме денес.

Со образовани граѓани ние ќе создадеме подобри услови за да изградиме здрави меѓуетнички односи во Република Македонија Образованиот граѓанин има поголеми можности да воспостави врски, контакти, разговори со другите граѓани. Да ги разбере своите сограѓани и него да го разберат. На овој начин да ги отстраниме тие преадикации и страв дека може да дојде некое зло од овој или некој друг човек. Значи училиштата ќе ни помогнат, но ова е тек на изградбата на здрави меѓуетнички односи во Република Македонија.

Училиштата исто така ќе ни овозможат образувајќи ги нашите граѓани и да се интегрираме полесно и подобро и таму каде што сакаме и целиме ние во разните економски текови, политички, научни, културни на Европската унија и евроатланските култури.

Значи со образование можеме да чекориме напред и никој не треба, јас верувам дека никој не треба да се плаши од образованието. Напротив, образованието ќе биде тој клуч и предуслов кој ќе не приближи и унапреди и ќе чекориме напред паралелно со другите нации, другите развиени земји и прогресивни земји и секако демократски.

Јас можам да го поздравам, верувам дека и вие мислите на овој начин, Владата која презеде еден ваков чекор, една ваква одлука - средното образование во Македонија да биде задолжително и секако се гледа дека ќе се примени во една постапка како што тоа го бараат и реформите во образованието , науката, културата, едукацијата и се според Бољонската повелба.

И актуелната Влада сосздава услови и можности и за одржувањето, за инвестиции и финансирање на задолжителното средно образование во Македонија и во однос на финансиските средства и во однос на создавање средства за работа, разни уреди и апарати. Овој износ ќе ја олесни работата.

Од друга страна со задолжително средно образование ќе создадеме да успееме да иамме едно масивно образование на нашите граѓани во Република Македонија. Другите земји оваа работа ја имаат завршено многу поодамна. Ние доцниме во однос на ова прашање и затоа треба да забрзаме преку едно задолжително средно образование да успееме да имаме масовно средно образование на нашите граѓани.

На овој начин ќе инвестираме преку образованието, преку знаењето и ќе имаме една толеранција кај нашите идни генерации. Ќе ја оплемениме душата на нашите генерации и ќе направиме тие да бидат поблиски едни со други независно од нивната верска определба, национална, културна. Запознавајки се на овој начин, што ќе им овозможи образованието и познавајки ја културата на другиот и јазикот на другите и други национални својства граѓаните ќе бидат поподготвени, поспремни и поединствени во изградбата на оваа земја и во напредокот на нашата земја во сите образовни и културни аспекти.

Посебно значајна улога ќе одигра и едукацијата на женската популација со оглед на фактот дека во Македонија имаме доста подрачја далечни од урбаните центри, длабоки планински подрачја каде не само женската популација, туку во целост населението е малку запоставено поради разните природни пречки, недостаток на патна инфраструктура, транспорт и т.н. и ќе успееме во овие подрачја да ги образуваме нашите млади, посебно нашата женска популација. Образувајки ја женската популација и еманципирајки ја ние ќе имаме една еднаквост, полова еднаквост би рекол и ќе биде во исто равниште со мажите. На овој начин кога ќе имаме и мажи и жени образовани можеме да кажеме дека навистина сме прогресивна, напредна, демократска држава и т.н.

Јас сум доста среќен и почестен што ми се укажа приликата да говорам за образованието, за знањето, за училиштето. Ова е големо задоволство и верувам дека сите ние ќе ја подржиме оваа одлука на нашата актуелна Влада, средното образование во Република Македонија да стане задолжително и ние да го дадеме

нашиот придонес како пратеници и во овој Парламент.

Значи, јас ќе го гласам овој закон со посебно задовослтво и ве поздравувам сите.

Благодарма за вниманието.

**Бесим Догани**: Благодарам господине Сулејмани.

Процедурално бара збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарма потпретседателе.

Навистина сум изненадена од ова што се случува во Собранието на Република Македонија денеска и морам да реагирам.

Прво, се работи за еден многу сериозен закон кој што нема граѓанин во Република Македонија што не го засега, кој директно, кој на индиректен начин. Парламентарното мнозинство одлучи тоа да не оди како што беше договорено, со измени на Уставот затоа што се сомневавте дека ќе обезбедите двотретинска подршка и сега по итна постапка ни се доставува овој закон. Не само што се доставува по итна постапка денеска од 20-та точка се преместува на 5-та, или 6-та точка и сега наместо како што е ред прво министерот за образование да го образложи законот, што би било барем малку да се каже дека се почитуваат пратениците во Собранието на Република Македонија ние не го слушнавме ниту образложениеот од министерот.

Ве молам, ова говори за еден многу несериозен пристап и јас би молела, затоа што се работи за сериозна материја која што нема граѓанин во Република Македонија што не е засегнат да го спазувате редот.

Немам ништо против говорот на почитуваниот колега, но мислам дека беше ред да го слушнеме минситерот со едно исцрпно образложение, затоа што не е билокаков закон и не е некоја несуштинска измена. Благодарма.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Овде нема ништо непроцедурално.

Што се однесува до точките на дневниот ред овој дом ги изгласа.

Што се однесува до итната постапка имаше образложение.

Што се однесува до тоа како постапи парламентарното мнозинство ви дадовме еден час пауза да се договарате.

Што се однесува до говорот на минситерот, пријавен е, имаше мал проблем, сега се пријави.

Нема деловничка пречка министерот прв или втор да говори.

Му давам збор на министерот за образование и наука, господин Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

На почеток би сакал, иако ја образложивме потребата за итноста за донесување на закон, но поради тоа што сметам дека овој дом треба да биде поинформиран и граѓаните на Република Македонија треба да бидат поинформирани зошто се донесува законот, или се доставува законот да се донесува по итна постапка е затоа што Бирото за развој на образованието веќе се спрема за новите програми, за новиот модел и согласно тоа треба да изработи во детали за сите нови курикулуми кои ќе бидат воведени.

За средното стручно образование сметам дека знаете дека ние правиме напори да довршуваме со зајакнување на капацитетите на Центарот за стручна подготовка.

Инаку тој Центар ќе треба понатаму да работи само за курикулумите, за програмите на стручното образование, туку понатаму и да ни доставува анализи за потребите и за зајакнување и проширување на програми за стручна подготовка.

Затоа семтаме дека за да и Бирото за развој на образованието и Центарот за стручна подготовка можат непречено да работат, да ги креираат новите потребни курикулуми треба да имаат законска рамка. Инаку, без донесување на законот тие не можат да постапат понатаму да работат на новите планови и програми за воведувањето на новите наставни програми, за воведување и на новите курикулуми во средното образование особено во средната стручна подготовка.

Зошто постапивме со предлог и дополнување на Законот за средно образование.

Инаку, само со измена и дополнување на членовите со тоа што ќе биде обезбедено средното образование да биде задолжително.

Согласно член 44 став 1 од Уставот на Република Македонија секој има право на образование.

Според ставот 2 од истиот член образованието е достапно на секој под еднакви услови.

Ваквата дикција на членот 44 не познава дискриминација по ниеден основ, а најмалку по основ на социјална и материјална положба, место на живеење ид руго.

Со предвидените измени за воведување на задолжително средно образование државата само ги операционализира уставните одредби за достапноста на образованието кое е особено значајно, бидејки во овој случај се работи за лица помлади од 18 години. На овој начин државата му дава можност на секој било каде да живее да се запише во средно образование, затоа што му обезбедува бесплатно школување во јавните средни училишта бесплатен превоз до училиштето односно сместување во ученичките

домови доколку не е возможно да се организира превоз од домот до училиштето.

Имајки го предвид членот 42 став 2 од Уставот, според кој лице помладо од 15 години не може да биде вработено, а во смисла на ставот 4 од истиот член, каде што е забрането да се вработуваат малолетни лица на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот не

постои уставна пречка од воведувањето на задолжително средно образование, затоа што со наставните планови и програми може да биде предвидено постоење на едногодишно, двогодишно средно образование, како најниско ниво на квалификација во средното образование.

Предвидувањето на најниското ниво на квалификации со едногодишно или двогодишно задолжително средното образование ќе овозможи на лицата по завршувањето на 15 годишна возраст да се појават на пазарот на трудот, но со повеќе стекната стручна квалификација на ниво на средно образование.

Точно е дека во Уставот на Република Македонија во член 44 став 3 стои дека основното образование е задолжително и бесплатно, но никаде не стои дека задолжителното средно образование е забрането.

Ако ова го гледаме низ призмата на член 8 став 2 каде стои дека во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането, повеќе од јасно е дека горниот став кој предвидува задолжителност само на основното образование не претставува пречка за воведување на задолжително средно образование.

Уште повеќе што Уставот јасно потенцира дека секој има право на образование што со овие измени и се овозможува.

Уставот во целост ги почитува заложбите од универалната декалрација за човековите рпава за постоење на задолжително основно образование, од друга страна Конвенцијата за правата на детето ги обврзува државите да го охрабрат нивното продолжено школување, но не наведувајки инструменти за спроведување на истите.

Со предложените измени на законот за средно образование Република Македонија креира национален инструмент за продолужување на школувањето и после основното образование.

Државата е доследна во своите настојувања за овозможување децата да посетуваат средно образование под еднакви услови со тоа што ги презема врз себе и финансиските трошоци од неговото реализирање.

Воведувањето на задолжителното средно образование не е само прашање на уставност, законитост, или што уште не. Тоа е прашање на чувството за државност и визија за иднината на државата.

Очигледно е дека има реакции, има отпор, но не заборавајте дека станува збор за лица до 18 годишна возраст.

Во Република Македонија речиси секоја година 12% од децата кои завршуваат основно образование не се запишуваат во ни едно средно училиште. Иако на прво поглед оваа бројка е мала, кога истата ќе ја надоврземе на 12% од претходната, од претходната  и т.н. години тогаш на сите ни станува јасно дека бројката на овие деца е навистина голема.

Од друга страна ако родителот е главниот столб во семејството кој мора да се грижи за образованието на своите деца, што всушност е и негова обврска тогаш како може некој родител кој во некоја од минатите години бил дел од овие 12%, кој не го продолжиле своето школување да влијае позитивно на своето дете да го продолжи своето школување.

Токму за тоа воведувањето на прекршочните санкции за овие родители има подлога во постоењето на повисокиот интерес на државата која има интерес да создава здрави и образовани кадри кои во иднина ќе можат да дадат позитивен придонес и да го издржат товарот на идните реформи во општеството.

Ако имаме во предвид дека веќе одамна живееме во свет во кој знаењето е клучниот фактор тогаш мораме да го подржиме воведувањето на задолжителнот средно образование и донесувањето на овој закон.

Во спротивно треба да се запрашаме каква иднина им посакуваме на своите деца. Има безброј прашања во врска со задолжителното средно образование или за реформите генерално во образованието, дали воведувањето на средно образование е навремено, дали е вистински потребно, дали сме ние во можност да го реализираме за да дадеме научно докажан одговор на овие две прашања прво треба да направиме експеримент. Но, во општеството не се можни експеримнети како во физиката. Тука се можни само споредби, само истражувања на искуството на оние кои пред нас го направиле она што ние сега сакаме да го направиме и учењето од нивното исксутво.

Затоа овде сакам да укажам на едно такво исксутво. Тоа е исксутвото на Тајван. Тоа не се однесува дирекно на средното образование, туку на образованието воопшто.

Имено, кога политичкото водство на Тајван си ја поставило целта за брзиот индустриски развој прво се запрашало кои се ресурсите на земјата со кои може да се оствари тој развој. И констатирале дека единствениот ресурс им се луѓето. Затоа решиле да се насочат кон нивното образование. Образованието станало основната цел на земјата. Последиците од остварувањето на оваа цел ни се добро познати. Малиот пренаселен остров станува прва индустриска сила во Азија.

Кога ја поставувале целта за задолжително средно образование треба да се запрашаме што може да се постигне со него. Дали прво треба да имаме развиена економија и после да мислиме на кадрите кои се потребни, односно дали треба прво да ја развиеме економијата па да воведеме средно образование или обратно. Прво да имаме насление оспособено за работа односно да воведеме задолжително средно образование и после да очекуваме тоа да ја развие економијата.

Искуството на земјите од светот кои постигнале брз економски раст и сега се високо развиени не убедуваат дека успех се постигнува единствено со второто. Економијата не може самата од себе да се развие. Неа ја развиваат луѓето, а за да ја развиваат треба да поседуваат вештини и знаења кои се примарната цел на формалното образование. Работните места не се закачени на закачалка, нив треба луѓето да ги креираат. А, како ќе ги креираат ако не ги оспособиме со потребните знаења и искуства ако не им ја влееме потребната самодоверба дека можат да го реализираат во практика она што го замислиле. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рушити.

За реплика на говорот Рушите се јави госпоѓа Роза Топузова-Каровска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, не е реплика.

Правото за реплика ќе го задржам, меѓутоа во овој момент јас би побарала да ни се достават стенографските белешки од излагањето на почитуваниот министер. Ќе образложам зошто го барам тоа.

Меѓу другото некои податоци кои што беа овде искажани во неговото исцрпно образложение не се соодветни со она што го имаме тука доставено во образложението на законот. Тој кажа дека 12% не се запишуваат да ја следат наставата од средно образование, само еден пример кажувам, меѓутоа разликата од 2000 ученици од основно образование кои не се запишуваат во средно образование на 28.280 не е 12%, туку е нешто помалку. Сега да не влегуваме во материјална расправа, а имаше и други вакви моменти, внимателно го следев министерот и ги забележав во неговото излагање јас би молела пауза од половина час за да ни бидат доставени стенографските белешки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пауза од 40 минути за подготовка на стенографските белешки.

Благодарам.

(Пауза од 16,57 минути)

(По паузата седницата продолжи во 17,48 часот).

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Бидејќи се поделени стенографските белешки што беа побарани од пратеничката група на ЛДП, дали некој од пријавените е за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Роза Топузова Каревска. Повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван министер за образование и наука, јас навистина би сакала да искажам некои забелешки во однос на вашата дискусија, иако штотуку го добив стенограмот и можеби не успеав секаде точно да ве цитирам, но она што нема да го цитирам ќе го парафразирам.

Имено, вие се повикавте меѓу другото на членот 44 од Уставот на Република Македонија и рековте поради што се донесува, покрај другото, овој закон, па кажавте дека секој има право на образование и дека образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Почитуван господине министер, притоа во излагањето кажавте дека некој е против воведувањето на средно образование необразложувајќи зошто некој е против или некој е за. За да не остане погрешен впечаток во јавноста, Уставот и до сега овозможуваше, значи беше право, но со донесување на законот тоа веќе станува обврска. Тука треба да ја правиме разликата. Правото е неоспорно, го имавме и вака со Уставот, значи не се зголемуваат правата, туку само обврските, затоа што доколку некој не ја почитува оваа обврска за задолжително средно образование, тогаш ќе сноси санкции. Значи да не ги искривуваме работите, туку да ги именуваме онака како што навистина треба да ги кажеме во една насока, за да го кажеме она што е вистинско пред јавноста, вистината.

И уште една забелешка. Почитуван министер, исто така кажавте дека некој е против задолжителното средно образование. Не е точно дека е против, имаше забелешки опозицијата, но бидејќи вие не сакавте да ги слушнете забелешките, затоа отстапивте од уставните измени за кои ви треба 2/3 мнозинство и го избравте полесниот пат, да го донесете законот со просто мнозинство, но сметам дека е на штета на Република Македонија бидејќи со оваа проблематика се засегнати сите граѓани на Република Македонија и требаше да ја послушате опозицијата, да ги вградите забелешките кои ги кажуваше. Ставот дали сме за или против ќе го изкажеме во дебатата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика се јави пратеникот господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Моето би рекол повеќе надоврзување на не реплика се однесува на зборот кој што го имаше господинот Фадил Сулејмани. Навистина мислам дека станува збор за негов конзистентен став, за конструктивна дискусија и (реакции од некои пратеници) - немаше реплики во обраќањето на Сулејмани. Значи навистина станува збор за конзистентен став и навистина беше објаснување кое што соодветствува на 21 век. Извонредно беше објаснета потребата од вкупно образование, од вкупно подобрување на состојбите во општеството и она што Република Македонија како држава треба да го прави во таа насока.

На господинот Сулејмани можам само да му кажам дека заеднички сите ние ќе бидеме сојузници да изградиме подобро образование во Република Македонија и ваквите конструктивни дискусии на господинот Сулејмани, но исто така и

на другите колеги, говорат во прилог на еден позитивен процес кој што се случува во Република Македонија.

Оваа дискусија сакав да биде ваква затоа што репликите и освртите на обраќањата на нашите соговорници или колеги во Парламентот не треба секогаш да бидат спротивставени или нешто да имаме како спор, туку напротив, кога имаме нешто како заеднички став и заедничко согледување, јас би рекол дури и цивилизациски квалитет во дискусиите, мислам дека треба да биде поддржано и едноставно да биде прокоментирано на јавна сцена.

Значи, му честитам на господинот Фадил Сулејмани за дискусијата и само го охрабрувам заеднички како колеги, како граѓани на Република Македонија да усвојуваме закони кои ќе бидат добри и позитивни. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Јас само ќе замолам да ги вратиме имињата на колегите што реплицираа на местата на листата.

Колега Герамитчиоски должен сум да ве прашам, бидејќи уште пет минути е останато време до 18,00 часот, дали тие пет минути ви се доволни. Ве молм да се изјасните. (Не).

Во тој случај, ви благодарам во секој случај.

Колеги пратеници, за денес ја завршуваме работата на Собранието.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,55 часот)